| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **ОСНОВНИ ИНСТИТУТИ НА ЈАВНОТО И ПРИВАТНОТО ПРАВО** | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Прв циклус студии - Новинарство | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица - институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Прв циклус | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Трета година/шести семестар | 7. | **Број на ЕКТС-кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Родна Живковска<br>Проф. д-р Гордана Лажетиќ<br>Проф. д-р Никола Тупанчески<br>Проф. д-р Тина Пржеска<br>Проф. д-р Бобан Мисоски<br>Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Наставната програма по предметот Основни институти на јавното и приватното право право има за цел студентите да се стекнат со теоретски познавања за основните институти од правните гранки на јавното и приватното право.<br>Во рамките на приватното право од студентот се очекува преку наставната програма да го запознае системот на правни гранки кои го сочинуваат приватното право и основните институти што постојат во овие правни гранки. Пред се, студентот треба да знае како граѓанскоправните институти се уредени во правниот систем на Република Македонија. Исто така, студентот преку наставната програма ќе има можност да се запознае со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и со англосаксонското право. Во рамките на наставната програма во делот на јавното право студентите ќе се стекнат со теоретски познавања за основните институти на казненото право и на казнено процесното право. Во рамките на оваа наставна дисциплина од студентот се очекува да го запознаат системот на казнена правда и основните иснтитути на казненото право заедно со процесните дејствија преку кои се остваруваат правата и овластувањата на учесниците во текот на кривичната постапка. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Тематски единици:<br>Дефинирање на поимите јавно и приватно право<br><u>А) Приватно право</u><br>1. Гранки на приватното право<br>2. Поим и значење на граѓанското право како гранка на приватното право<br>3. Институти на граѓанското право<br>3.1. Поимот граѓанскоправен однос<br>3.2. Субјективитет<br>3.3. Објекти на граѓанскоправните односи<br>3.4. Правни факти<br>3.5. Правни дела<br>3.6. Видови граѓански субјективни права<br>3.7. Стекнување граѓански субјективни права<br>3.8. Вршење на граѓанските субјективни права<br>3.9. Престанок на граѓанските субјективни права<br>3.10. Застареност<br>3.11. Застапништво | | | | |

| | |
|---|---|
| | 3.12. Заштита на граѓанските субјективни права<br><br>Б) Делот од оваа наставна дисциплина што се однесува на јавното право има за цел на студентите на новинарските студии да им ги приближи основните карактеристики на казненото право и на кривичната постапка преку основните поими, начелата на кои се засноваат постапката, организацијата на судскиот систем, субјектите и објектите на кривичната постапка, доказните средства како и текот на кривичната постапка.<br>1. На секој иден новинар од исклучителна важност му е да може правилно да го сфати и протолкува кривичниот процес што го следи и од кој треба да известува. |
| 12. | **Методи на учење**: |
| | Наставата по овој предмет ќе биде организирана на начин што им овозможува на студентите интерактивно да учествуваат на предавањата. Студентите во текот на предавањата ќе можат да земат учество во наставата преку подготовка и презентација на теми, анализа на случаи, активност на предавањата преку која студентот ќе ги покаже своите познавања како и својата способност за критичка анализа и компарација на институтите на казнено процесното право. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | **Вкупен расположив фонд на време** | 120 часа | | |
| 14. | **Распределба на расположивото време** | 2,5 часа неделно | | |
| 15. | **Форми на наставните активности** | 15.1. | Предавања- теоретска настава. | 52,5 |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа. | 0 |
| 16. | **Други форми на активности** | 16.1. | Проектни задачи | 0 |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3. | Домашно учење - задачи | 97,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | **Начин на оценување** | | |
| | 17.1. | Тестови/завршен испит | 100 |
| | 17.2. | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | / |
| | 17.3. | Активност и учество | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | **Критериуми за оценување (бодови/ оценка)** | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 67 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 68 до 75 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 76 до 83 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 84 до 91 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 92 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | **Услов за потпис и за полагање завршен испит** | Освоени 6 поени активност во наставата | |
| 20. | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| 21. | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | **Литература** | | | | | |
| | 22.1. | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Р. Живковска, Т. Пржеска | Граѓанско право – Општ дел | Европа 92 | 2021 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Р. Живковска, Т. Пржеска | Општ дел на граѓанското право – Практикум, | Европа 92 | 2011 |
| | | 3. | В. Камбовски | Казнено право – општ дел | Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје | 2013 |
| | | 4. | Гордана Бужаровска, Гордан Калајџиев, Бобан Мисоски, Дивна Илиќ | Казнено процесно право (учебно помагало) | Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје | 2015 |
| | 22.2. | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Р. Живковска, Т. Пржеска, | Правни норми, промет, имот, објекти на граѓанскоправните односи и правни факти | Европа 92 | 2017 |
| | | 2. | Р. Живковска, Т. Пржеска | Правни дела | Европа 92 | 2018 |
| | | 3. | Џ. Гордли | Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа | Просветно дело | 2009 |
| | | 4. | Владо Камбовски | Судско право | 2-ри Август, Штип | 2010 |
| | | 3. | Љупчо Арнаудовски | Судски менаџмент | Правен Факултет, Јустинијан Први, Скопје | 2011 |